**20242083578**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 октомври 2024 година.

Бр. 08-4713/1
2 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (*) („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), во членот 372 став (1) зборовите: „Претседателот и членовите“ се заменуваат со зборовите: „Претседателот и 18 членови“.

Член 2

По членот 372 се додава нов член 372-а, кој гласи:

„Член 372-а

За претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата може да биде именувано лице, кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и

4) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).“.

Член 3

Во членот 374 став (2) бројот „30“ се заменува со бројот „45“.

Член 4

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија да поднесе Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за именување претседател и членови согласно со овој закон најдоцна во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Со именувањето на претседателот и на членовите на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, согласно со одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и членовите на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кои се именувани согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (*) („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24).

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.